Аналитичар / автор на анализата: Љиљана Асенов
Лектура: Вера Златева
Графички дизајнер: Игор Поповски
Анкетари: Катерина Потиќ, Аријана Садику, Рухије Суља
Обработка на анкетни прашалници :
Даниела Панева, Фросина Давчева
Година: 2012
Тираж: 300
Печатница: Бубамара – Хит  ДООЕЛ  Свети Николе

Оваа информативна брошура е развиена со техничка и финансиска поддршка на проектната канцеларија на Телото на Обединетите нации за родова рамноправност и зајакнување на жените  UN Women од Скопје во рамките на регионалниот проект „Зајакнување на имплементацијата на Резолуцијата на Советот за безбедност 1325 за жени, мир и безбедност во Западен Балкан (2011 – 2013)“.
UN Women е организација на Обединетите нации посветена на родовата рамноправност и зајакнувањето на жените. Повеќе информации можат да се најдат на www.unwomen.org
Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења на авторите и нужно не ги одразуваат официјалните позиции на UN Women, Обединетите нации и други придружни организации.

UN WOMEN
United Nations Entity for Gender Equality and the Empowerment of Women

**Содржина**

**I**
Вовед

**I I**
Анализа на резултатите од анкетата спроведена во рамките на проектот „Жените градат сигурна иднина во Р. Македонија преку имплементацијата на Резолуцијата 1325“

**I I I**

Заклучоци и препораки

**Вовед**

Проектот „Жените градат сигурна иднина во Р. Македонија преку имплементацијата на Резолуцијата 1325“ се спроведува од ***Организација на жените на општина Свети Николе*** и е поддржан во рамките на регионалниот проект на ***UN Women „***Зајакнување на имплементацијата на Резолуцијата на Советот за безбедност 1325 за жени, мир и безбедност во Западен Балкан (2011 – 2013)“.

**Целта на проектот** е да се подигне свеста кај жените и да им се даде подршка за активно вклучување во градењето на мирот, безбедноста и меѓуетничкиот дијалог преку спроведување на Резолуцијата на СБ 1325.
Имено, Обединетите нации (ОН) и Советот за безбедност (СБ) во изминатата деценија усвоија пет резолуции за жените, мирот и безбедноста (ЖМБ) кои се однесуваат на влијанието на конфликтите врз жените и девојките и содржат насоки за државите, регионалните организации, ОН и другите субјекти како да се справат и да дејствуваат во пресрет на потребите на жените и девојките (за време и по завршувањето на вооружените конфликти) и да ја зајакнат нивната положба.
Резолуцијата на СБ 1325 ги покрена и дополнително ги охрабри жените и мажите ширум светот да прозборат на поинаков начин за насилството над жените и децата во воени, но и во мирнодопски услови (во услови кога непостојат конфликтни ситуации). Оваа Резолуција, заедно со сродните резолуции (1889, 1820, 1888, 1960), покрена и глобална дебата за улогата на жената во промена на самиот пристап на безбедност, за зголемено учество на жените во локалната власт и градење на мирот, за улогата на жената во воспоставувањето на една нова побезбедна парадигма. Од особено значење е тоа што Резолуцијата 1325 е прва резолуција која ги поврзува искуствата на жените од конфликти со меѓународниот мир и безбедност, додека последователните резолуции, кој ја зајакнуваат имплементацијата на Резолуцијата 1325, ја дополнуваат

агендата за жени, мир и безбедност. Во тој контекст, Резолуцијата 1820 е првата резолуција која го препознава сексуалното насилство како тактика на војување и како прашање на меѓународниот мир и безбедност. Затоа, важно е да се прифати фактот дека жените не се само жртви на војните и насилствата, туку имаат многу активна улога како градителки на мирот, политичарки и активистки.
Преку проценка на нивото на познавање на Резолуцијата на СБ 1325 во три општини во Република Македонија, проектот се стреми да идентификува области за понатамошно зајакнување на капацитетите на владините институции, локалните самоуправи и женските невладини организации за вклучување на жените во процесите на одлучување на локално и национално ниво поврзани со безбедносни прашања, еднакви можности за мажите и жените и градење на мирот преку промовирање на дијалог помеѓу различните етнички и религиозни заедници. Исто така, проектот има за цел да ја подигне свеста за правата на жените и родовата рамноправност, како и да ги идентификува разликите помеѓу етничките заедници во поглед на потребите, предизвиците со кои се соочуваат и приоритетите на жените.
Во 2001 година, земјата беше соочена со криза, која резултираше со конфликт од меѓу-етнички димензии помеѓу групи од албанска националност и македонските полициски сили. Конфликтот беше завршен со мировен договор, кој е единствениот мировен договор потпишан во земјата по нејзиното осамостојување, познат како Охридски рамковен договор (13 август, 2001 год.). Охридскиот рамковен договор донесе промени во преамбулата на Уставот, како и измени во законодавството во Законот за локална самуправа, Законот за локално финасирање, за Територијална поделба, за Изборни единици, нов Деловник на Собранието, како и закони што се однесуваат на употребата на јазиците во земјата. Исто така, овој договор ги регулира прашањата за пописот, изборите, враќањето на бегалците и улогата на меѓународната заедница.
Општините Струга, Куманово и Кичево, кои се опфатени со проектните активности се мултиетнички општини во кои има

историја на меѓу-етнички тензии. Имено, Струга неодамна се соочи со конфликти помеѓу македонски и албански ученици од средни училишта кои иако беа локализирани сепак го насочија вниманието за потребата од пофокусиран пристап во поглед на понатамошна превенција и долгорочно решение. Кичево е општина која е ранлива во поглед на можна меѓуетничка нетрпеливост и влошени односи во блиска иднина како резултат на променет меѓуетнички баланс со предвидената територијална поделба која предвидува спојување на општината со соседните Зајас и Осломеј. Од друга страна, Куманово е општина во која се застапени многу различни етнички заедници и заедно со другите две општини претставува мултиетничка средина каде можното вклучување на жените во превенција и решавање на слични конфликти е корисно да се истражи подетално. Трите општини се исто така идентификувани како приоритетни од страна на Владата во поглед на промовирање на добри практики за подобрување на меѓуетничките односи во рамките на Заедничката програма на ОН за зајакнување на меѓуетничкиот дијалог и соработка меѓу заедниците која ја спроведуваат УНДП, УНИЦЕФ и УНЕСКО (август 2009 – јули 2012).

**Целта на анализата на резултатите од анкетата** спроведена во рамките на проектот во трите општини е да го оцени нивото на познавање на локалната и централната власт т.е институциите, невладините организации и општа популација (жени и мажи) за важноста и принципите на Резолуцијата на СБ 1325. Дополнително, истражувањето имаше за цел да го оцени степенот и начинот на учество на жените во подобрувањето на меѓуетничкиот дијалог во општините како и во процесите на спречување конфликти и посредување при конфликти.

**Резултатите од оваа анализа ќе бидат искористени за:**
1) одржување на семинари со одговорните институции, со цел посочување на наодите од учеството на жените во

локалните процеси на одлучување, жените и безбедноста, учеството во меѓуетничкиот дијалог итн.,
2) развивање на Прирачник кој ќе помогне во зајакнување на капацитетите на организацијата во концепирањето на локални форуми на оваа тема,
3) наодите и препораките ќе бидат дискутирани директно и со жените од различните етнички и религиски заедници, како и преставниците на локална самоуправа, во рамки на локални форуми  со цел дефинирањето на локалните приоритетни прашања поврзани со безбедноста, општинските буџети, комуникација помеѓу жените и локалните самоуправи во процесите на идентификување на потребите на жените, улогата на општинските комисии за еднакви можности и меѓуетничките односи.

**Методологија**

Анализата се потпира на резултатите од анкетното истражување спроведено од *Организацијата на жените на општина Свети Николе* во соработка со партнерските организации АУРЕОЛА од Струга, Здружение на жени албанки од Кичево и ЗГ Доверба од Куманово, врз основа на прашалник подготвен во соработка со консултантите ангажирани за спроведување на предвидените обуки (додаток 1) кој опфаќа 44 прашања поделени во четири дела односно:

**Дел I - основни податоци за испитаникот** (пол, возраст, етничка припадност, религиозна определба, ниво на образование, познавање на на јазици, вработување и членство во невладина организација);

**Дел II - прашања поврзани со нивото на познавање на Резолуцијата 1325 и Агендата за жени, мир и безбедност** и вклученоста на испитаниците во оваа област (одговараат само испитаниците – претставници од институции и НВОи);

**Дел III - прашања поврзани со вклученоста на жените во процесите на одлучување во локалните заедници и нивната улога за зајакнување на меѓуетничкиот дијалог во заедницата** (одговараат само испитаниците – општа целна група, жени и мажи);

Со анкетното истражување беа опфатени претставници од институциите: Министерство за внатрешни работи (СВР), подрачно Министерство за правда, подрачно Министерство за одбрана, претставници на Локална самоуправа од секторите: Сектор за социјални и правни работи, Сектор за локален економски развој, Сектор финансии, буџет и развој. Исто така, со истражувањето беа опфатени и претставници од комиисиите кои постојат како дел од Советите на единиците на локалната самоуправа, и тоа: Комисијата за јавни работи, Комисија за односи со јавноста, Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите, Комисија за финансии и ЛЕР, Комисија за евроинтеграции, Комисија за прашања за верификација на избори и именувања, Комисија за односи меѓу заедниците и претставници на локални медиуми. Покрај претставници од институциите во истражувањето беа вклучени претставници од невладини организации кои се активни во овие општини, како и жени и мажи кои не се активни во НВОи. Овие жени и мажи беа анкетирани по случаен избор.

Одговорите на прашањата беа внесени и соодветно обработени преку интернет програмата SurveyMonkey (www.survey monkey.com) која вклучува алатки за собирање и анализирање на податоци добиени преку истражувања. Со оглед на тоа што прашалникот е поделен во три дела, резултатите од одговорите во рамките на секој дел беа споредувани меѓусебно, но и со резултатите од одговорите од другите два дела. Одговорите од вториот и од третиот дел соодветно беа анализирани во поглед на општиот профил на испитаници кои одговориле (пол, возраст, вработување, учество во невладин сектор, етничка и

религиозна припадност, познавање на други јазици покрај мајчиниот).

Во рамките на оваа брошура се наведуваат базичните информации за Резолуцијата 1325, резултатите од спроведената анкета во три мултиетнички општини и конкретните препораки добиени од форумите во однос на имплементацијата на Резолуцијата 1325 .

## I I **Анализа на резултатите од анкетата спроведена во рамките на проектот „Жените градат сигурна иднина во Р. Македонија преку имплементацијата на Резолуцијата 1325“**

### Генерална слика на испитаниците (I Дел - основни податоци за испитаникот)

Со анкетното истражување спроведено во периодот Декември 2011 – Јануари 2012 беа опфатени 600 испитаници,односно по 200 од општините, Струга, Кичево и Куманово од кои 35.1% беа мажи, а 64.9% жени. Најголем процент од испитаниците припаѓаат во возрасната група од 26 – 35 години, односно 26% и 36 – 45 години, односно 25.9%. Во поглед на етничка припадност, 54.8% од испитаниците се со македонска националност, 35.6% со албанска, но исто така беа опфатени и претставници од турска, српска и друга националност во согласност со соодветната застапеност во општините.
Во поглед на образованието, испитаниците со средно и високо образование се најмногу застапени (34,1 % и 45,4% соодветно) и нема значајни разлики помеѓу жени испитанички и мажи испитаници.
Од вкупниот број испитаници, 70% се вработени а 30% невработени или економски неактивни. Од вкупниот број вработени, 82% се во јавна администрација (подрачни министерства за внатрешни работи, правда, одбрана, локална самоуправа, јавни претпријатија и фондови, центри за социјална работа, здравствени и образовни установи, судство), 10% во приватен сектор, 4% во граѓански сектор и 4% друго. Жените преовладуваат во граѓанскиот сектор.

**Дел II од прашалникот**

Вториот дел од анкетниот прашалник опфати 15 прашања наменети за претставници од институции и невладини организации. Целта на овие прашања беше да се дознае степенот на информираност и вклученоста на локалните институциите (посебно на оние чии активности се поврзани со локалната безбедност и процеси на одлучување), и невладиниот сектор во промоција/имплементација на Резолуцијата на СБ 1325 и Агендата за жени, мир и безбедност.

Прашањата кои беа поставени водеа кон испитување на свесноста на преставниците на институциите и невладините организации во поврзаноста на прашањето на мирот и безбедноста со правата на жените; нивната информираност за Резолуцијата на СБ 1325, нивната вклученост (директна или индиректна) во имплементацијата, како и нивните мислења по однос на потребните услови за обезбедување напредок во имплементацијата.

| Институции | Број на испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Јавни институции | 492 | 82% |
| Приватен сектор | 60 | 10% |
| Невладини организации | 24 | 4 % |
| Друго | 24 | 4% |

Поголемиот дел од испитаниците (61.4%) потврдуваат дека постои поврзаност помеѓу мирот и безбедноста и правата на жените, 22.2% не знаат а 16.4% мислат дека нема поврзаност.Во одговорите не беа утврдени некои видни разлики помеѓу жените и мажите испитаници.

Помеѓу испитаниците постои мал степен на запознаеност со Резолуцијата 1325 (19.2%). Кај жените испитанички 67.4% изјавиле дека не се запознаени а кај мажите процентот е уште поголем и достигнува 78.3%.

Интересен податок е дека од вкупниот број испитаници 42% во рамките на нивната работа спроведуваат активности кои што се поврзани со безбедносни прашања и поточно со локална безбедност. Оние што ја познаваат Резолуцијата 1325 и нејзината соддржина се претежно жени, во возрасна група од 26 до 35 години и се членки на невладина организација.
Во најчест случај (60,2%), изворот на информации во врска со Резолуцијата 1325 и нејзината соддржина произлегува од едукативни активности (семинари, работилници) кои ги имале во фокус темите поврзани со женски човекови права и мирното разрешување на конфликти. 18,6% од испитаниците изјавиле и дека учествувале во активности поврзани со лобирање.
Повеќе од половина од испитаниците сметаат дека правилниот инструмент за остварување напредок во имплементацијата на обврските што произлегуваат од Резолуцијата на СБ е изготвување на Национален Акционен План за имплементација на Резолуција 1325.

Како можна препрека во имплементацијата на Резолуцијата 1325 на локално ниво се посочува ниското учество на жените во локалните процеси на одлучување и планирање на активности важни за безбедноста. Иако поголем дел од испитаниците се изјасниле позитивно дека има жени на раководни функции во локалните институции (дури 70% од испитаниците – 71,9% мажи и 69,8% жени), нивната улога во процесите на одлучување на локално ниво, планирање на безбедност, мирно разрешување на конфликтни ситуации и медијација во заедниците значително се намалува. Според одговорите на испитаниците, 69% од нив сметаат дека локалната самоуправа и релевантните комисии, само понекогаш или никогаш не ги вклучуваат жените при планирање на активности важни за безбедноста. Кај жените испитанички, 17,4% се изјасниле дека локалната самоуправа никогаш не ги влучува жените а 51.6% само понекогаш. Дополнително, 63% од испитаниците се изјасниле дека жените не биле вклучени или пак не знаат дали жените

биле воопшто вклучени во разрешуање на локални конфликти кои имаат меѓуетничка компонента. Кај жените испитанички процентот достигнува до 65% кои што се изјасниле негативно. Оваа процентуалност се потврдува и во однос на самата припрема на жените да се вклучат во медијација и мирно разрешување на конфликти во локалните заедници. Имено, 54% од испитаниците се изјасниле дека жените или не биле вклучени или пак тие не знаат за жени коишто биле вклучени во обуки за медијација и мирно разрешување на конфликти.

**Дел III (Улогата и вклученоста на жената во процесите на одлучување во локалните заедници и придонесот во решавање на конфликти и подобрување на меѓуетничките односи)**

Третиот дел од прашалникот содржи прашања наменети за сите испитаници и имаат за цел да го испитаат мислењето на граѓаните од трите општини по однос на меѓуетничките односи, чувството на безбедност кај нив, нивната запознаеност со работата и надлежностите на Комисиите за меѓуетнички односи и еднакви можности меѓу жените и мажите, родовите нееднаквости и разликите помеѓу етничките заедници, постоечките механизми за учество на граѓаните во локалните процеси на одлучување и партиципацијата на жените.

Повеќе од половина од испитаниците од трите општини ѓи оквалификувале меѓуетничките односи како добри. Поточно, од вкупниот број испитаници, 56.4% сметаат дека меѓуетничките односи се добри, 26.7% дека се лоши а 6,9% многу лоши.

Интересен е фактот во увидените разлики во одговори кај машките испитаници и женските испитанички. Имено, од вкупниот број на жени испитанички од овие три општини, 48,3 % сметаат дека меѓуетничките односи се добри, 33,4% сметаат дека се лоши, 5.9% многу лоши а 12.4% не знаат или немаат став. Кога ќе се спореди со одговорите на машките испитаници, дури 71,3% од нив сметаат дека

меѓуетничките односи се добри, 14% дека се лоши, 8.8% дека се многу лоши а 5.8% не знаат или немаат став.

Информациите посочени преку бројките наведуваат на мислата дали негативната оценка на меѓуетничките односи и соживот од страна на жените се должи на нивната помала вклученост во локалните процеси на одлучување и воопшто во јавниот живот. Традиционално, поради влијанијата на патријархалните вредности жената е онаа која што се грижи за децата и семејството, обврски кои што влијаат во нејзината вклученост во јавниот живот. Дали недостатокот од оваа инволвираност и комуникацијата со со-граѓаните од другите етнички заедници влијае на нивната перцепција за меѓуетниките односи?

Според одговорите на другите релевантни прашања, не може да се донесе ваков заклучок и посочува на потребата од дополнителни дискусии со фокус групи на жени со цел подлабоко испитување на причините.

Земајќи предвид економскиот профил на интервјуираните, жените се јавуваат во 60% како вработени, што наведува на активности и делувања надвор од домот. Во тој контекст, испитаниците имаат комуникација и соработка со жени и мажи од други етнички заедници. Од вкупниот број жени испитанички 56.1% изјавуваат дека имаат секојдневна комуникација, 7.5% избегнуваат комуникација а 36.4% комуницираат само кога мораат.

Иако оценката на меѓуетничките односи од страна на жените претежно не беше позитивна, според сознанијата на испитаниците, жените сепак покренале иницијативи за подобрување на меѓуетничкиот дијалог. 51.7% од вкупниот број испитаници потврдно одговориле дека знаат за иницијативи покренати токму од жените, 15.4% немаат сознанија а 32.9% немаат мислење. Во одговорите има значителна родова разлика, бидејки жените испитанички се повеќе запознаети за разлика од мажите (58,6% кај жените наспроти 13,7% кај мажите).

Интересен е фактот што интервјуираните граѓани покажуваат одреден степен на доверба кон способностите

на жените да го подобрат меѓуетничкиот дијалог во општините. Имено, на прашањето дали сметате дека доколку жените се одговорни за некои прашања поврзани со меѓуетничкиот дијалог во општината истите полесно би се решиле, 51.6% одговориле позитивно, 15.4% негативно а 32.9% немаат мислење. Довербата во жените повеќе е изразена кај жените испитанички бидејќи 58.6% од нив одговориле позитивно, но не е ни за занемарување фактот дека 38.6% од машките испитаници го делат истото мислење. Фактот дека скоро 33% од испитаниците немаат мислење може да се должи на тоа што процентот на жени на раководни функции и нивно активно учество во носењето на одлуки на локално ниво е мал. Доколку жените се претежно отсутни од локалните процеси на градење политики и носење одлуки, граѓаните потешко би изградиле став или мислење околу нивната способност да ги подобрат меѓуетничкиот односи и дијалог. Приближно 63% од испитаниците се изјасниле дека жените од општините или не учествуваат (16.8%) или пак не знаат дека тие учествуваат (46.4%) во процесите на донесување одлуки со цел решавање на конфликти и подобрување на меѓуетничкиот дијалог и покренале или пак не знаат дека покренале некаква иницијатива за подобрување на меѓуетничкиот дијалог.

Овие податоци можат да се поврзат и со фактот дека приближно 74% од вкупниот број на испитаници се произнеле дека општините во кои што живеат или немаат или пак испитаниците не знаат за воспоставени методи и начини на комуникација со граѓаните (20% се изјасниле дека нема такви методи а 54,3% дека не знаат).

Во одговорите нема значителни родови разлики. Приближно истиот процент на испитаници одговориле дека воопшто не учествуваат во политичкиот живот во заедницата и не знаат во доволна мера и за постоењето и работата на локалните комисии за еднакви можности на жените и мажите, и за односи со заедниците.

Од вкупниот број испитаници само 32.5% се запознаени со работата на овие локални комисии.

Испитаниците се изјасниле дека се чуствуваат релативно безбедно во нивните општини, но имаат различни ставови по однос на еднаквите права и можности, коишто пак неизбежно влијаат на меѓуетничките односи.

Имено, 44.5% од вкупниот број испитаници се изјасниле дека се чуствуваат рамноправни со жените и мажите од другите етнички заедници, додека 30.8% се изјасниле негативно а 24.7% немале одговор.

Најголем дел од испитаниците сметаат дека за подобрување на меѓуетничките односи најголемо влијание би имало подобрувањето на нивната економска состојба (животниот стандард и вработувањето), образованието, но и намаленото влијание на политичките партии.

## I I I Заклучоци и Препораки

Заклучоци од истражувањето

-Постоење на ниско ниво на информираност за Резолуцијата 1325

-Недоволно вклучување на жените во процесите на одлучување ,посебно на активности кои се поврзани со локалната безбедност

-Неинформираност за можностите за вклучување во дискусии во општината по однос на прашањата поврзани со безбедноста и мирот

- Недоволно вклучување на жените во политичкиот живот во заедницата

- Недоволно вклучување на жените во обуки за медијација и мирно решавање на конфликти на локално ниво

-Непознавање на жените за постоењето и работата на локалните комисии (комисија за еднакви можности на жените и мажите, комисија за односи со заедниците и др.)

- Неинформираност за можностите за вклучување во разрешување на локални конфликти кои имаат меѓуетничка компонента

Препораки добиени од форумите *:*

**- Превземање на поголем број на активности за промоција на Резолуцијата 1325 и присуство на мажи на форумите**

**- Подигање на свесноста кај мажите и женитe за родовата рамноправност и улогата на жената во општеството**
Преку медиумите
Преку позитивни примери на успешни жени
Организирање на заеднички работилници за мажи и жени
- **Континуирано спроведување на родова едукација на жените и мажите**

- **Преземање иницијатива и реализирање на соодветни активности од страна на Комисијата за односи со заедниците , со цел подобрување на заеднички соживот , соработка и толеранција меѓу жените од различни етнички и верски заедници**

- **Поголем број на жени на раководни функции и поголемо учество во процесите на донесување одлуки**

- **Зголемување на квотите за поголема застапеност на жени во избирачките списоци**

**- Охрабрување и подржување на жените од страна на жени за активно вклучување во политиката**

- **Вклучување на поголем број на жени во мировните процеси**

-Преку воведување на закони (законска рамка) за рамноправно учество на жените во сите сфери на општествениот живот посебно во мировните миисии и безбедносните структури.

**- Превземање на активности за поголемо вклучување на жени во улога на медијатори**
Во случај на конфликтна ситуација жените треба да превземат одговорност за решавање на конфликтот преку разговори и соочувања на двете страни во улога на медијатори

- **Континуирано спроведување на едукација за правата на жените , социјална и здравствена заштита и промоција на културата и меѓуетнички дијалог**

**-Овозможување на заштита на жените од семејно насилство и сите видови на насилство**

**-Превземање на активности за намалување на влијание на политичките партии и медиумите**
-преку намаленото влијание на политичките партии во донесување на одлуките би придонело кон подобрување на односите

**-Превземање на активности за поголема меѓуетничка соработка на жените од различни националности во Мултиетнички средини и реализирање на заеднички проекти .**

**-Потребни чекори и активности за да се оствари напредок во однос на прашањата поврзани со жени, мир и безбедност**:
*изготвување на НАП за имплементација на Резолуцијата 1325
* меѓународна соработка на институции, жени и НВО

Издавач:Организација на жените на општина Свети Николе
Адреса: Ленинова 1 ,  2220 Свети Николе
Тел/Факс: 032 444 620 Е-маил: wom_org@yahoo.com
веб страна:www.womsvetinikole.org.mk